| ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О. | |
|---|---|
| Бр. | 03 – 2358 / 6 |
| 01.12.2025 г. | |

ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП
„Питу Гули“ бр.2, 7500 Прилеп , Република Северна Македонија
тел.+389 (0)48 428 992 info@komunalecprilep.com.mk www.komunalecprilep.com.mk

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА СЕЗОНАТА 2025/2026 г.

**Ноември, 2025**

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА НА ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп**
**за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето од Општина Прилеп, за сезоната 2025/2026**

1.Цел на Програмата;
2.Обем,динамика и ниво на одржувањето;
3.Организациска поставеност на зимската служба и обврски на учесниците:
3.1.Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата;
3.2.Советот на општината Прилеп;
3.3.Надзорен орган;
3.4.Општински центар за справување со кризи;
3.5.Други учесници;
3.6.Организации, заедници и граѓани;
4.Прилози:
4.1.Преглед на приоритетното чистење и посипување на сообраќајниците во градот;
4.2.Список на одговорните лица од претпријатието на кои ќе му биде отстапена работата, со Одлука на Управниот Одбор;
4.3.Карта-ситуација за приоритетот на расчистувањето на сообраќајниците:
-сообраќајници од прв и втор приоритет;
-критични (црни) точки;
-должините на коловозните површини за ослободување се дадени во прегледот за приоритетно чистење и расчистување на сообраќајниците (дел 4.1.1 и 4.1.2.) и изнесуваат
- 43.300 m од 1 приоритет ;
- 17.050 m од 2 приоритет и
- (дел 5) 80.700 m општински патишта на кои ќе се интервенира по потреба и барање на нарачателот.

## ВОВЕД

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување за прием на сообраќајот во зимските услови претставува значајна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекини на нормално одвивање на сообраќајот во градот. Особено се неповолни изненадувањата од временските непогоди посебно при несоодветно извршена подготовка на надлежните органи.

Оваа Програма тргнува, пред се, од претпоставката за обезбедување на одговорен однос на сите во Општината,особено на тој начин би имале поприфатливи услови за сообраќајот и би овозможиле рационално и економично извршување на Програмата. Уште позначајно е што ќе се создадат потребните услови за нормално одвивање на стопанските и други дејности.

## 1.Цел на Програмата

Програмата има цел да предвиди услови за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општината Прилеп преку:

-одредување обемот на работата и нивото на чистењето на снегот и голомразиците од коловозните површини;

-дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа Програма;

-дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

## 2.Обем, динамика и ниво на одржување

2.1.Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

-сообраќајниците по соодветен приоритет, по кој се одвива сообраќајот, виталните сообраќајници и пристапи (од сообраќајниците до објектот) до објектите чие фуникционирање е од витално значење за градот.

2.2.Ниво и динамика на одржувањето

Расчистувањето на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

-сообраќајници од 1 приоритет по кој се одвива сообраќајот со критични точки и пристап кон објекти кои се од витално значење за градот и други сообраќајници означени во прегледот.

-сообраќајници од 2 приоритет.

-интервенции по потреба.

Отстранувањето на подмразнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на критичните точки и сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот.

Дежурството во зимскиот период се извршува со **два камиони со плуг за чистење на снег и посипувач** во текот на целата зимска сезона 2025/2026 год. на две дефинирани локации.

Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го изведуваат работниците на претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана маханизација, работната сила и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 06:30 часот поради доаѓањето на работните места на луѓето и учениците или за најмногу од 5 часа по престанокот на врнежите од снег.

Останатите сообраќајници од 2 приоритет ќе се оспособуваат за 12-24 часа по оспособувањето на сообраќајниците од 1 приоритет.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши извршител на кој му е доверена работата, по претходна согласност од Општина Прилеп.

За реализација на доверената работа треба да се располага минимум со следната механизацијата, опрема, материјали и работна сила.

| **Механизација** | **парчиња** |
|---|---|
| Камион со плуг (нож) за чистење на снегот и соларка за абразивен материјал | 1 |
| Камион со плуг (нож) за чистење на снегот и посипувач | 1 |
| Утоварувач со предна корпа | 1 |
| Трактор со нож за чистење на снег | 2 |
| Мини багер (кршечки) со предна утоварена корпа и нож за чистење снег | 1 |

## 3. Организациска поставеност на зимската служба и обврска на учесниците

На подрачјето на општина Прилеп, зимската служба ја организира Единицата на локална самоуправа-Прилеп, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работата.

Покрај ЈКП „Комуналец“ Прилеп, Локалната самоуправа, а во согласност со Оперативната програма остварува соработка со сите други субјекти во Општината задолжени за спроведување на одржување во зимски услови, а во согласност со Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред во Општина Прилеп.

Функционирањето на зимската служба се остварува со следната организациска поставеност:

### 3.1. ЈКП „Комуналец“ Прилеп како претпријатие на кое му е отстапена работата.

ЈКП „Комуналец“ Прилеп, формира тело за организирање и раководење на Зимската служба. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма, работата на пунктот и заедно со Стручната служба одлучува за преземање потребни активности предизвикани од времените неприлики.

ЈКП „Комуналец“ Прилеп ги има следните задолженија:

-организира дежурство со еден камион со плуг за чистење на снег и посипувач со шофер и минимум еден работник по камион во текот на целата зимска сезона 2025/2026 год. на територијата на град Прилеп, согласно инструкциите од надзорен орган за отпочнување редуцирање или укинување на дежурствата.

- останатата механизација ЈКП „Комуналец“ Прилеп ја ангажира по налог за работа издаден од Инвеститорот максимум 24 часа пред најава за обилни врнежи од снег. Налогот од Инвеститорот во исклучителни услови може да биде доставен и порано со цел да се обезбеди навремено чистење на градот.

-со специјални машини,опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;

-возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови и истата во текот на траењето на зимската сезона ја чува на плацот на претпријатието или определените пунктови како би можела при укажана потреба навремено да биди ставена во функција.

-води целосна документација за работата на Зимската служба;

-доставува до нарачателот распоред на лица за дежурство, со податоци за работната рака и механизација;

-секојдневно и редовно го информира нарачателот за работата на Зимската служба, како и надзорниот орган;

-ги прима и секојдневно ги доставува до ЦИТ извештаите и прогнозите за временските услови, нарачателот и Министерството за внатрешни работи;

-секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во Зимската служба, во соработка со раководителот на смената;

-врши редовно и тековно одржување на возилата и специјалните машини како и на другата механизација;

-организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резерви делови и стручен кадар за обезбедување исправноста на механизацијата и дејствување на Зимската служба;

За сезоната 2025/2026 година се предвидуваат следните количини на материјал кои треба да се набавуваат тековно (по потреба)

-набавка на песок (ризла-2 )..... 2.100 м3

Поради одредени недостатоци и можни несакани дејствија на мермерот и гранитот кои можат да предизвикаат одредени штети се препорачува да се користи материјал-доломит или друг еквивалентен материјал чија цврстина се движи во следните граници :

- напрегање на притисок ( 80-120 ) MPa

-набавка на индустриска сол ..... 700 t

Употребата на гранулираниот песок и индустриската сол во зимските услови при температури на мрзнење, ќе биде како мешавина 3:1 (гранулиран песок и сол), заради посипување на нагорни и критични места.

### 3.2.Советот на општина Прилеп, со стручните служби

- Ја усвојува оваа оперативна Програма;
- Го контролира извршувањето на оваа Програма;

### 3.3.Единица на Локална самоуправа

- Ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците.
- Дава налог за работа на ЈКП „Комуналец“ Прилеп .
- Ја следи временската ситуација и одлучува за отпочнување редуцирање или укинување на дежурствата на механизацијата и работниците, за што благовремено ( најкасно во рок од 24 часа ) го известува ЈКП „Комуналец“ Прилеп.

### 3.4.Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Прилеп за сезоната 2025/2026 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- Ја следи работата на ЈКП „Комуналец“ Прилеп и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- Координира со органите и телата на Советот на општина Прилеп, со Центарот за справување со кризи, Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани ;
- Врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

### 3.5. Општински Центар за справување со кризи

Општинскиот Центар за справување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на Службата преку благовремено информирање.

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на општина Прилеп во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешуваат со организациска поставеност на Зимската служба, Општинскиот Центар прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците. Во вакви случаеви, товарот е на буџетот на Општината или од други извори што ќе ги утврдат надлежните органи.

### 3.6.Други учесници

3.6.1. Министерството за внатрешни работи-сообраќајната полиција го контролира и регулираа сообраќајот во новонастанатите состојби на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќајнците.

3.6.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување за комунален ред на подрачјето на Општината Прилеп, во делот за отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.6.3. Републичкиот хидрометеоролошки завод доставува извештаи и прогнози ( дневни, тродневни, неделни и месечни), за временските услови до: Општината Прилеп, ЈКП „Комуналец“ Прилеп, ЦИТ на Прилеп, Стручна служба и надзорот.

### 3.7. Претпријатија, заедници и граѓани

3.7.1. ЈКП „Комуналец“ , Прилеп, дополнително ги превзема потребните редовни мерки од Оперативната програма за отстранување на снегот и мразот:

- Отворање на пешачки премини;
- Отворање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците;
- Чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците;
- Целосно чистење на мостовите;
- Чистење и празнење на уличните корпи;

3.7.2. „ЕВН“ КЕЦ, Прилеп ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.7.3. Автобуска станица Прилеп, презема мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуската станица и незино оспособување за користење.

3.7.4. Телекомуникациските оператори кои делуваат во Општина Прилеп ги преземаат потребните мерки за чистење на снегот од уредите, инсталациите и телефонските мрежи.

3.7.5. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмразнатиците од овие објекти и простории.

3.7.6. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и сл.објекти), преземаат мерки за чистење на снегот од подмразнатицата пред овие објекти.

3.7.7. Граѓаните го чистат снегот и подмразнатицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради.

3.7.8. Исто така, граѓаните го чистат снегот од крововите и терасите, при што водат сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите и притоа се обезбедува непречен сообраќај.

3.7.9. Сечењето, отстранувањето на гранки и дрва го врши ЈП „Комуналец“ -Прилеп.

3.7.10. За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според одлуката за комунален ред.

## 4. ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ-УЛИЦИТЕ

4.1.Сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот, витални сообраќајници, критични точки и пристапи (од сообраќајниците до објектот), до објектите чие функционирање е од витално значење за градот.

4.1.1. УЛИЦИ (1 приоритет) со вкупна должина од 43.300 m

| | | |
|---|---|---|
| 1. | „Александар Македонски“ -од таблата на влезот од Плетвар, до таблата на излезот од градот кај ,,Црн Бор,, | 4.500 м. |
| 2. | ,,11-ти Октомври,,-од ОУ,,Г.Делчев,,(кружен тек)по ,,Јоска Јорданоски,,до Бул.,,Гоце Делчев,,. | 950 м. |
| 3. | ,,Ген.Васко Карангелески,, од Бул.,,Г.Делчев,, до влез во бензиска Касарни | 1800 м. |
| 4. | Бул.,,Г.Делчев,, од СО Прилеп до Железничка станица | 1700 м. |
| 5. | ,,Л.Котески,, од рампата на железнички премин до таблата на излез од градот кај Мермерен Комбинат | 1750 м. |
| 6. | ,,Прилепски Бранители,, (стара ,,Ѓ.Петров,,) од Бул.,,Г.Делчев,, до ,,О.Чопела,, во Варош. | 1500 м. |
| 7. | ,,О.Чопела,,низ Варош до таблата на излезот од градот | 1500 м. |
| 8. | ,,Сотка Ѓорѓиоски,, од Бул.,,Г.Делчев,, по ,,К.Јосифоски,, до ,,А.Македонски,, | 550 м. |
| 9. | ,,Цар Самоил,, од ,,А.Македонски,, до пресекот со А-3 | 1100 м. |
| 10. | ,,М.Ацев,, од ,,А.Македонски,, до ,,Ѓ.Димитров,, | 600 м. |
| 11. | ,,Т.Тарцан,, од ,,М.Ацев,, до ,,11-ти Октомври,, | 450 м. |
| 12. | ,,Д.Нареднико,, од Бул.,,Г.Делчев,, до ,,А.Македонски,, | 500 м. |
| 13. | ,,Кеј 9-ти Септември,, од нас.,,Ѓогдере,, (тесниот мост) до ул.,,Ал.Македонски,,-крак | 1900 м. |
| 14. | ,,Кеј 1-ви Мај,, од ,,Ј.Јорданоски,, до ,,Железнички мост,, | 2100 м. |
| 15. | ,,Ј.Јорданоски,, од ,,11-ти Октомври,, до ,,С.Китаноски,, | 950 м. |
| 16. | ,,Борка Талески,, од ,,Методија Патчев,, до ,,В.Циривири,, | 1300 м. |
| 17. | ,,М.Шаторов Шарло,, од ул.,,Битолска,, до ,,Кеј 1-ви Мај,, | 250 м. |
| 18. | ,,Браќа Миладиновци,, од Бул.,,Г.Делчев,, околу нас. ,,Точила,, до нас.,,Точила-2,, | 1350 м. |
| 19. | ,,Архиепископ Доситеј,, од ,,М.Козар,, до Бензиска пумпа кај железничка станица | 1100 м. |
| 20. | ,,Егејска,, од ,,Прилепски Бранители,, до Бул.,,Г.Делчев,, | 1100 м. |
| 21. | ,,Кузман Јосифоски,, од ,,Егејска,, до Бул.,,Г.Делчев,, | 500 м. |
| 22. | ,,Самоилова,, од ,,Браќа Миладиновци,, до ,,Прилепски Бранители,, | 700м. |
| 23. | ,,М.Козар,, од ,,Прилепски Бранители,, по,,К.Мисирков,, до ,,Ген.В.Карангелески,, | 900 м. |
| 24. | ,,Трајко Николоски,, од ,,А.Македонски,, до Бул.,,Г. Делчев,, | 1200м. |
| 25. | Обиколен пат од Бул.,,Г.Делчев,, према Млекара до ул.,,Орде Чопела,, | 2300 м. |
| 26. | ,,Ѓ.Петров,, од ,,Октомвриска,, до ,, А.Македонски,, | 250 м. |
| 27. | ,,Борка Утот,, од ,,К.Јосифоски,, до ,,Д.Нареднико,, | 250 м. |
| 28. | ,,Октомвриска,, од Кружен тек до ,,5-та Прилепска Бригада,, | 700 м. |
| 29. | ,,Партизанска,, од ,,Прилепски Бранители,, до ,,Петар Ацев,, | 450 м. |
| 30. | ,,Петар Ацев,, (стара ,,Белградска,,) од ,,Партизанска,, до ,, Тризла,, | 200 м. |
| 31. | ,,Тризла,, од ,, Прилепски Бранители,, до Дабничка Река | 1350 м. |
| 32. | ,,5-та Прилепска Бригада,, од ,,Октомвриска,, до ,,А.Македонски,, | 750 м. |
| 33. | ,,11-ти Октомври,, од ,,Тризла,, до ,,М.Козар,, | 450 м. |
| 34. | ,,Бидимаш,, од ,,Д.Нареднико,, до рампата на железничка линија | 700 м. |
| 35. | ,,Х.Карпош,,од спој со ,,Б.Ламески,,по,,Републиканска,, до ,,Кеј 1-ви Мај,, | 300 м. |
| 36. | ,,Браќа Ламески,, од Бул.,,Г.Делчев,, до ,,Кеј 1-ви Мај,, | 350 м. |
| 37. | ,,Бранко Секулоски-Бељата,,(стара,, Кеј 4-ти Јули,,) од ,,Генерал Васко Карангелески,, до ,,Ј.Јорданоски,, | 850 м. |
| 38. | ,,Вера Циривири,, од ,,Б.Талески,, до ,,Методија Патчев,, | 1050 м. |
| 39. | ,,Февруарски поход,, со ,,Борка Спиркоски,, по ,,Кеј 19-ти Септември,, до ,,Ј.Јорданоски,, | 1100 м. |
| 40. | ,,М.Камен,, од ,,Ѓ.Димитров,,(кружен тек) по ,,3-ти Ноември,, до ,,М.Патчев,, | 650м. |
| 41. | ,,М.Патчев,, од ,,3-ти Ноември,, по ,,Истарска,, до ,,3-ти Ноември,, | 350 м. |
| 42. | „Ѓ.Димитров“ од кружен тек до „Б.Талески“ | 1000 м. |
| | **В К У П Н О:** | **43.300 m** |

4.1.2. УЛИЦИ (2 приоритет) сообраќајници од поголемо значење за населението со вкупна должина 17.050 m

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ,,Мирче Ацев,, од ,,Александар Македонски,, до ,,Кеј 9-ти Септември,, | 300 м. |
| 2. | ,,Трајко Тарцан,, од ,,М.Ацев,, кај ОУ,,Кочо Рацин,, по ,,Блаже Николоски,, до ,,Борка Талески,, | 400 м. |
| 3. | ,,Мариовска,, од ,,В.Циривири,, до ,,М.Ацев,, | 250 м. |
| 4. | ,,Пенка Котеска,, од ,,Борка Талески,, до ,,3-ти Ноември,, | 550 м. |
| 5. | ,,3-ти Ноември,, од ,,Пенка Котеска,, до ,,Круме Беќар,, по ,,Круме Беќар,, до ,,Ѓ.Димитров,, | 650 м. |
| 6. | ,,Бистра,, и ,,Осоговска,, -Сточно Пазариште | 1000 м. |
| 7. | ,,Битолска,, од ,,Цар Самоил,, до ,,Б.Талески,, | 400 м. |
| 8. | ,,Ц.Коњарец,, од ,,Битолска,, до ,,Македонска,, | 950 м. |
| 9. | ,,Македонска, од ,,Ц.Коњарец,, до ,,Јордан Грабулоски,,(стара ,,Динара,,) | 300 м. |
| 10. | ,,Блаже Иваноски,, од ,,Цар Самоил,, по ,,Јордан Грабулоски,, до ,,Македонска,, | 650 м. |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | ,,Цане Кузманоски,, од Сала ,,Македонија,, до Пивара | 700 м. |
| 12. | ,,Андон Слабејко,, од ,,Д.Нареднико,, до Железничкиот мост | 650 м. |
| 13. | ,,Борка Стеваноски,, од ,,А.Слабејко,, до ,,Бидимаш,, | 450 м. |
| 14. | ,,Р.Секирчанец,, од Бул.,,Г.Делчев,, до ,,Егејска,, | 350 м. |
| 15. | ,,Ладо Лапецот,, од ,,Егејска,, до ,,Браќа Миладиновци,, | 500 м. |
| 16. | ,,К.Јосифоски,, од ,,Егејска,, до Интернат | 500 м. |
| 17. | ,,К.Волнароски,, од ,,Партизанска,, до ,,Ц.Мавровски,,под Кули | 500 м. |
| 18. | ,,Козјак,, од ,,Прилепски Бранители,, до ,,Мукос,, | 250 м. |
| 19. | ,,11-ти Октомври,, од ,,Ј.Јорданоски,, до ,,Ген.В Карангелески,, | 400 м. |
| 20. | ,,Крушевска,, од ,, Ген.Васко Карангелески,, до ,,Бранко Секулоски-Бељата,, | 350 м. |
| 21. | ,,Киро К.-Платник,, од ,,Крушевска,, до ,,Наум Н.Борче,, | 300 м. |
| 22. | ,,Наум.Н.Борче,, од ,,Киро К.Платник,, до ,,Бранко Секулоски Бељата,, | 150 м. |
| 23. | ,,Гемиџиска,, од ,,Јоска Јорданоски,, до ,,Февруарски Поход,, | 250 м. |
| 24. | ,,Петар Поп Арсов, од ,,ѓ.Димитров,,по ,,К.Пејчиновиќ,, и,,Нада Цириви,, до ,,Т.Тарцан,, | 550 м. |
| 25. | ,,Радовишка,, од ,,Октомвриска,, до ,,3-ти Ноември,, | 450 м. |
| 26. | ,,Пчиња,, од ,,Радовишка,, до ,,Ј.Х.Џинот,, | 300 м. |
| 27. | ,,С.Китаноски,, од ,,Ј.Јорданоски,, до ,,Бл.Спиркоски,, | 350 м. |
| 28. | ,,Бл.Спиркоски,, од ,,С.Китаноски,, до ,,Фебр.Поход,, | 200 м. |
| 29. | ,,Кеј 19-ти Септември,, од ,,Б.Спиркоски,,до ,,Ген.Васко Карангелески,, | 350 м. |
| 30. | ,,Д.Антулески,, од,,О.Чопела,, до ,,П.Тошев,, | 600 м. |
| 31. | ,,Б.Лопач,, од ,,О.Чопела,, до Ман.,,Св.А.Михаил,, | 950 м. |
| 32. | ,,Г.Димитриоски,, по ,,Г.Јанкулоски,,до Бугарски бараки | 350 м. |
| 33. | ,,Љубе Грујоски,, од,,Л.Котески,, до пат за затворот | 450 м. |
| 34. | ,,2-ри Август,, од ,,Ѓ.Димитров,, до крај на асфалт | 350 м. |
| 35. | ,,П.Брашнаров,, од ,,С.Китаноски,, до ,,Кеј 19-ти Септември,, | 450 м. |
| 36. | ,,Д.Груев,, од ,,Мукос,, до ,,Прилепски Бранители,, | 150 м. |
| 37. | ,,Велко Јанкулоски,, од ,,Ладо Лапецот,, до ,,Пере Тошев,, | 350 м. |
| 38. | „Целе Мавровски" од „Мукос" до „Горан Миноски" | 400м. |
| | **ВКУПНО:** | **17.050 m** |

## 5.ПРЕГЛЕД НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА КОИ ЌЕ СЕ ЧИСТАТ И ПОСИПУВААТ ПО УКАЖАНА ПОТРЕБА И БАРАЊЕ НА НАРАЧАТЕЛОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Општински пат Л6001955 02 ( врска со А3 - нм. Лопатица ) | 15500м |
| 2. | Општински пат Л6001955 01 ( врска со А3 - нм.Чепигово ) | 5000м |
| 3. | Општински пат Л6001955 05 ( врска Р1101 - нм. Загорани ) | 4500м |
| 4. | Општински пат Л6001955 06 ( врска Л600195 05 - врска со Р2339 ) | 1500м |
| 5. | Општински пат Л6001955 07 дел (врска Р1101 - нм. Шелеверци ) | 3700м |
| 6. | Општински пат Л6001955 09 ( Кадино село врска а Р2339 -Мало Коњари врска со Р1306 ) | 4000м |
| 7. | Општински пат Л6001955 10 ( врска Р1303 - нм. Големо Коњари ) | 500м |
| 8. | Општински пат Л6001955 11 ( врска со Р1303 - нм. Мажучиште ) | 500м |
| 9. | Општински пат Л6001955 15 ( врска со Р1107 - нм. Штавица ) | 1000м |
| 10. | Општински пат Л6001955 16 дел ( врска со Р1107 - нм. Бонче ) | 3000м |
| 11. | Општински пат Л6001955 17 ( врска со Р1107 – нм. Чаниште ) | 12000м |
| 12 | Општински пат Л6001955 21 ( врска со П1107 – нм. Манастир ) | 3000м |
| 13. | Општински пат Л6001955 24 дел (Прилеп – ман.Св. Никола Прилепец) | 8000м |
| 14. | Општински пат Л6001955 25 Прилеп – нм. Селце ) | 1500м |
| 15. | Општински пат Л6001955 26(врска со Л6001955 25–ман.Св.Димитрија ) | 2500м |
| 16. | Општински пат Л6001955 28 дел ( врска со А1 - нм. Лениште ) | 1500м |
| 17. | Општински пат Л6001955 29 дел ( врска А1 – нм. Оревоец ) | 3000м |
| 18. | Општински пат Л6001955 36 (врска Р1303 – ман.Св.Богородица – Трескавец) | 8000м |
| 19. | Пат до Пречистителна станица (врска ул.Леце Котески – Пречистителна станица Прилеп) | 2000м |
| | **ВКУПНО:** | **80.700 m** |

напомена: СЕ ЧИСТАТ СО ВОЗИЛО СО ПЛУГ

Со посебен налог од нарачателот преку надзорниот орган, ќе се подигнува снегот и мразот од Старата чаршија и Булевар „Гоце Делчев" во Прилеп.

Чистењето на сообраќајниците и општинските патишта кои не се предвидени со Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог од нарачателот.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**
**за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето од Општина Прилеп, за сезоната 2025/2026**

| р. бр. | Потребни средства | Вкупно/ден без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци на ЈКП „Комуналец“ Прилеп за возила (амортизација, горива и масла, одржување) : | **4.500.000,00** |
| | - Камион со плуг (нож) за чистење на снегот и соларка за абразивен материјал<br>- Камион со плуг (нож) за чистење на снегот и посипувач<br>- Утоварувач со предна корпа<br>- Трактор со нож за чистење на снег<br>- Мини багер (кршечки) со предна утоварена корпа и нож за чистење снег | |
| 2 | Трошоци за вработени (ангажирани за зимско одржување, дежурства, додатоци на плата) | **1.200.000,00** |
| 3 | Трошоци за набавка на песок (ризла-2) | **1.800.000,00** |
| 4 | Трошоци за набавка на индустриска сол | **1.500.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **9.000.000,00** |

ЈКП „Комуналец“- Прилеп

Датум, 28.11.2025 , Прилеп

Јавно комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О. М.П.

Рубинчо Абрашоски
директор